Фондацијата Конрад Аденауер отвори свое претставништво во Скопје на 1 јули 2000 година. Од тогаш многубројни семинари, работилници, обуки и конференции беа организирани низ државата. Фокусот на Фондацијата Конрад Аденауер во Република Северна Македонија е на: политичка едукација и јакнење на граѓанското општество; евроинтегративните процеси; поддршка на меѓуетнички и меѓурелигиски дијалог и слобода на медиумите.

**Фондација Конрад Аденауер**
**Претставништво во Северна Македонија**

Ристо Равановски 8, 1000 Скопје
Телефон: 02/3217-075
Телефакс: 02/3217-076
Е-пошта: skopje@kas.de
Веб: www.kas.de/nordmazedonien

## Kisha Ortodokse Maqedonase – Kryepeshkopata e Ohrit

Krishtërimi ose Kristianizmi në territorin e Maqedonisë daton prej kohërave të apostullëve. Në gjysmën e dytë të shekulit I, rreth viteve të 60-ta pas Krishtit, udhëtimi ungjillor i Apostullit të Shenjtë Pali, që e ka realizuar pasi ka pasur një vegim nate të një njeriu Maqedonas të vije dhe të predikojë në Maqedoni, është faktori kryesor për përhapjen e krishtërimit në këto vise rreth Mesdheut por edhe më gjerë.

Në fund të shekullit të IX-të dhe në fillim të shekullit të X-të, në territorin gjeografik të Maqedonisë predikojnë dhe jetën shpirtërore e drejtojnë Shën Klimenti dhe Naumi, nxënësit e vëllezërve të shenjtë Cirili dhe Metodi. Ata ndërtojnë dhe organizojnë Qendra kishtare dhe manastire, prej të cilave deri më sot mbijetojnë kompleksi i Shën Klimentit në Pllaoshnik, i cili në suazat e veta e kishte edhe Universitetin e parë në Balkan dhe manastiri i Shën Naumit, kushtuar "Arkangjelëve të Shenjtë". E gjithë kjo ka krijuar një bazë të mirë që në gjysmën e dytë të shekullit X në kuadër të shtetit të Samoilit është organizuar Kryepeshkopata Autoqefale e Ohrit, e cila më vonë, pas rënies së Mbretërisë së Samoilit, kur ishte ngritur në nivel të Patrikanës, sërish të ulet në nivel të Kryepeshkopatës. Prej atëherë e më tutje, populli maqedonas ka bërë përpjekje të vazhdueshme për ringjalljen e saj.

Në mars të vitit 1945, në Shkup u mbajt Këshilli i parë Kishtar-Popullor, në të cilin u miratua Rezoluta për rivendosjen e Kryedioqezës së Ohrit si Kishë Ortodokse Maqedonase. Në vitin 1958 në Ohër u mbajt Këshilli i Dytë Kishtar-Popullor, ku u pranua propozimi për restaurimin e Kryepeshkopatës së Shën Klimentit të Ohrit, mishëruar në fytyrën e Kishës Ortodokse Maqedonase, kurse Kryepeshkopi i parë i saj u zgjodh Peshkopi Topliçki Dositej. Në vitin 1967, në Këshillin e tretë Kishtar-Popullor, Kisha Ortodokse Maqedonase shpalli autoqefalinë e saj. Pas shumë dekadash mospranimi të autoqefalisë së KOM-it nga Ekumenizmi Ortodoks, në vitin 2022 ajo më në fund u pranua në kungimin eukaristik me kishat e tjetëra ortodokse.

Sot, me Kishën Ortodokse Maqedonase kryeson Kryepeshkopi i pestë me radhë i Kryepeshkopatës së Ohrit, Shenjtëria e Tij, Mitropoliti i Shkupit dhe Kryepeshkopi i Ohrit e i Maqedonisë dhe Justiniana Prima, z.z. Stefan. KOM ka dymbëdhjetë dioqeza edhe atë tetë në territorin e sotëm të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe katër dioqeza mes Maqedonasve në diasporë. Sinodin e Shenjtë të Peshkopëve e përbëjnë 10 anëtarë (Kryepeshkopi i KOM-it dhe nëntë mitropolë dioqeze, nga të cilët 7 në RMV dhe dy në diasporë), të cilëve në mitropolitë (dioqezat) u ndihmojnë edhe 3 peshkopë vikar, të cilët nuk janë anëtarë të Sinodit. Një nga mitropolitët është në pension. Në dioqezat e KOM-AO, shërbejnë rreth 600 priftërinjtë në rreth 500 famulli, me më shumë se 2000 kisha dhe manastire. Atyre për momentin ju ndihmojnë rreth 600 priftërinjë në rreth 500 famulli me më shumë se 2000 kisha dhe manastire. Prej fillimit të viteve të nëntëdhjeta të shekullit njëzet në Maqedoni është rivendosur edhe monasticizmi që tani numëron rreth 200 murgjë dhe murgesha, të organizuar në vëllazëri dhe motëri nëpër manastiret në Maqedoninë e Veriut. KOM-KO (Kisha Ortodokse Maqedonase – Kryepeshkopata e Ohrit) ka institucione të veta arsimore: Fakultetin Teologjik Ortodoks "Shën Klimenti i Ohrit", që është anëtar i asociuar i Universitetit "Shën Cirili dhe Metodi" dhe Shkollën e Mesme Teologjike.

Besimtarët e KOM-it sot jetojnë jetë të frutshme dhe të organizuar liturgjike.

Adresa: bul. „Aradhet Partizane" nr.12, 1000 Shkup
Telefon: 02/3230-697
Telefaks: 02/3230-685
E-postë: mpc@mpc.mk
Kontakt personi: At Daniel Jovanoski
Ueb faqe: www.mpc.org.mk

## Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија

Христијанството на територијата на Македонија датира од апостолските времиња. Во втората половина на I век, околу 60-тите години по Христос, евангелското патување на св. апостол Павле, кое го реализирал откако имал ноќно видение од човек Македонец да дојде и да проповеда во Македонија, е основен фактор за ширење на христијанството на овие простори околу Медитеранот, но и пошироко.

На крајот на IX и почетокот на X век, на територијата на географска Македонија проповедаат и духовниот живот го устројуваат светите Климент и Наум, учениците на светите браќа Кирил и Методиј. Тие градат и организираат манастирски и црковни центри, од кои до ден денес опстојуваат Светиклиментовиот комплекс на Плаошник, кој во своите рамки го имал и првиот Универзитет на Балканот, и манастирот на свети Наум, посветен на „Светите Архангели". Сето ова дало добра основа, па во втората половина на X век, во рамките на Самуиловата држава е организирана Охридската автокефална архиепископија, за подоцна, по паѓањето на Самуиловото Царство, кога била издигната на ниво на Патријаршија, повторно да биде сведена на степен на Архиепископија. Како таква постоела цели осум века, сè до 1767 година, кога е укината од страна на турскиот султан Мустафа III, а нејзините епархии се присоединети кон Цариградската патријаршија. Од овој момент па натаму, македонскиот народ правел постојани напори за нејзино обновување.

Во март 1945 година, во Скопје е одржан првиот Црковно-народен собор, на кој била донесена Резолуција за обновување на Охридската архиепископија како Македонска православна црква. Во 1958 година, во Охрид е одржан Вториот црковно-народен собор, каде што бил прифатен предлогот за обнова на Светиклиментовата Охридска архиепископија, олицетворена во лицето на Македонската православна црква, а за нејзин прв Архиепископ е избран Епископот Топлички Доситеј. Во 1967 година, на Третиот црковно-народен собор Македонската православна црква ја прогласила својата автокефалност. По бројни деценија неприфаќање на автокефалноста на МПЦ од страна на православната екумена, во 2022 година таа конечно е примена во евхаристиско општење со останатите помесни православни Цркви.

Денес, со Македонската православна црква претседава петтиот по ред Архиепископ на возобновената Охридска архиепископија, Неговото блаженство, Митрополит Скопски и Архиепископ Охридски и Македонски и на Јустинијана Прима г. г. Стефан. МПЦ има дванаесет епархии, и тоа осум на територијата на денешна Република Северна Македонија и четири меѓу Македонците во дијаспората. Светиот архиерејски синод го сочинуваат 10 члена (Поглаварот на МПЦ и девет епархиски митрополити, од кои 7 во РСМ и двајца во дијаспората), на кои во епархиите им помагаат уште 3 викарни епископи, кои не се членови на Синодот. Еден од митрополитите е умировен, односно пензиониран. Во епархиите на МНПЦ-ОА служат околу 600 свештенослужители во околу 500 парохии, со повеќе од 2000 цркви и манастири. Од почетокот на деведесеттите години во Македонија се возобнови и монаштвото, кое сега брои околу 200 монаси и монахињи, организирани во братства и сестринства во манастирите низ Северна Македонија. МПЦ-ОА има свои образовни институции: Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски", кој е придружна членка на УКИМ и Средното богословско училиште.

Верниците на МПЦ денес живеат плоден и организиран литургиски живот.

Адреса: бул. „Партизански одреди" бр. 12, 1000 Скопје
Телефон: 02/323-0697
Телефакс: 02/323-0685
Е-пошта: mpc@mpc.mk
Лице за контакт: отец Даниел Јованоски
Веб: www.mpc.org.mk

## Bashkësia Fetare Islame e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Bashkësia Fetare Islame e Republikës së Maqedonisë së Veriut është organizata e vetme që organizon jetën fetare të myslimanëve në Maqedoninë e Veriut dhe mërgimtarëve të përkohshëm jashtë vendit. Bashkësia Islame në Republikën e Maqedonisë së Veriut aktivitetin e saj e mbështet në Librin e Shenjtë – Kuranin dhe praktikën e Profetit të Allahut – Sunetin, si dhe në Kushtetutën e saj dhe aktet normative që rrjedhin prej saj, konform ligjit për pozitën ligjore të kishës, bashkësisë fetare dhe grupit fetar. Bashkësia Fetare Islame është e pavarur në organizimin e jetës fetare, në edukimin dhe arsimimin fetar, në vakëfet, veprimtarinë administrativo-financiare si dhe veprimtaritë tjera që dalin nga kjo Kushtetutë. Në zbatimin e detyrave islame, në fushën e ibadeteve aplikon Shkollën juridike Hanefite. Për të realizuar detyrat e tyre fetare, myslimanët në Maqedoninë e Veriut lidhen me të vetmën Bashkësi Fetare Islame pavarësisht nga përkatësia etnike e tyre. Organizimi i jetës fetare në kohën Osmane ka qenë nën juridiksionin e Shejhul-Islamit në Stamboll, ndërsa pas Luftës së Parë Botërore, jeta fetare e myslimanëve ka qenë nën juridiksionin e Reis Ulemas, me seli në Sarajevë, Bosnjë e Hercegovinë. Bashkësia Islame e Republikës së Maqedonisë së Veriut ka qenë pjesë përbërëse e Bashkësisë Islame në Mbretërinë e Jugosllavisë ndërsa më pas në Republikën Federale Socialiste të Jugosllavisë. Pas shpërbërjes të ish federatës shtetërore dhe pas pavarësimit të Republikës së Maqedonisë, kjo bashkësi ka filluar të veprojë si bashkësi e pavarur fetare në vend, ndërsa atë e dëshmon me miratimin e Kushtetutës së BFI-së, në vitin 1994. Bashkësia Fetare Islame në Republikën e Maqedonisë së Veriut me këtë Kushtetutë e dëshmon lidhshmërinë historike në kuptimin juridik me të gjitha bashkësitë fetare në këto hapësira. Ajo është bashkësia e vetme që është trashëgimtare e tërë veprimtarisë historike dhe është pronare e pronës së tundshme dhe të patundshme të të gjitha bashkësive paraprake islame në territorin e saj. Bashkësia Fetare Islame ka për qëllim të ruajë dhe zhvillojë jetën fetare të myslimanëve në Republikën e Maqedonisë së Veriut, pa asnjë pengesë, ndërsa njëherë edhe të kultivojë vlerat islame në jetën e përditshme si dhe kujdes përkatës për kulturën e tyre shpirtërore dhe materiale. Bashkësia Fetare Islame ka për qëllim ngritjen e vetëdijes fetare, organizimin e kryerjes së ibadeteve si dhe formave të tjera me të cilat shprehen ndjenjat dhe jetësimi i Islamit te myslimanët. Në realizimin e qëllimeve të saja ajo angazhohet përmes: mësimit dhe kultivimit të vlerave islame, themelimit dhe mirëmbajtjes së xhamive, mesxhideve, qendrave islame, teqeve dhe mektebeve, themelimit dhe veprimit të institucioneve edukativo-arsimore, themelimit dhe veprimit të institucioneve shkencore-kulturore, themelimit dhe mirëmbajtjes së bibliotekave, hanikaheve, arkivave, muzeve, instituteve dhe institucioneve të ndryshme, themelimit dhe mirëmbajtjes së varrezave, themelimit dhe veprimit të institucioneve bamirëse, themelimit të vakëfeve, mirëmbajtjes dhe mbrojtjes së pronës së Bashkësisë Fetare Islame, promovimit të së mirës dhe luftës kundër së keqes, organizimit të veprimtarisë botuese, kultivimit dhe bashkëpunimit tradicional me të gjitha bashkësitë islame, institucionet, asociacionet dhe organizatat e ndryshme në botë, të cilat kultivojnë vlera islame, bashkëpunimin me bashkësitë e tjera fetare, organizatat joqeveritare dhe organet shtetërore në vend, dhe përmes çdo veprimtarie fetare, kulturore, shkencore, shëndetësore dhe socio-ekonomike për avansimin e popullatës myslimane. Objekte fetare të Bashkësisë Islame konsiderohen xhamitë, mesxhidet, qendrat islame të besimtarëve jashtë shtetit, teqet, kullat e sahatit, turbet, gusullanet, etj. Xhamitë-mesxhidet, qendrat islame janë objektet themelore fetare publike në të cilat zhvillohet jeta fetare-arsimore. Numri i xhamive në Maqedoninë e Veriut është rreth 600, prej të cilëve më të njohura janë ata të shekullit XV dhe XVI, siç janë në Shkup: xhamia e Jaja Pashës, Isa Begut, Mustafa Pashës. Sulltan Muratit; në Tetovë: Xhamia e Larme, Xhamia e Sahatit; në Manastir: Isak Xhamia, Hajdar Kadi Pasha dhe Jeni Xhamia; në Prilep: Çarshi Xhamia; në Gostivar: Xhamia e Sahatit; në Shtip: Kad'n Hana Xhamia; në Ohër: Teqeja Hajati Baba dhe Xhamia e Ali Pashës, etj, ndërsa numri i Qendrave-Xhamive Islame në diasporë është rreth 200.

Feja islame ka dy festa: Fitër Bajramin dhe Kurban Bajramin, të cilët janë të lidhur ngushtë me shtyllat dhe ibadetet Islame: Fitër Bajrami vjen menjëherë pas përfundimit të muajit të agjërimit - Ramazanit, kurse Kurban Bajrami ndërlidhet me haxhin. Përveç këtyre festave, në besimin islam ka edhe disa ditë të posaçme të cilat, gjithashtu, lidhen me ndonjë eveniment të madh historik ose fetar, siç janë: Nata e Kadrit, nata e Regaibit, nata e Mevludit (ditëlindja e Pejgamberit Muhamed a.s.) nata e Israsë dhe Miraxhit, nata e Beratit etj. Gjatë këtyre festimeve, nga besimtarët kërkohet që të jenë sa më afër Zotit, ta adhurojnë Atë, t'i ndihmojnë të varfërit, të këshillohen njëri me tjetrin për të mirat etj.

Adresa: rr. „E Çarit" nr.52, 1000 Shkup
Telefon: 02/3117-410 dhe 02/3117-412
Telefaks: 02/3117-883
E-postë: rijaseti.bfi@gmail.com
Kontakt personi: Qufli Osmani
Ueb faqe: www.bfi.mk Aplikacioni: BFI App

# Исламска Верска Заедница во Република Северна Македонија

Исламската верска заедница на Република Северна Македонија е единствена организација која го организира верскиот живот на муслиманите во земјата и на привремените иселеници во странство. Исламската верска заедница својата дејност ја потпира врз Светата Книга - Куранот и Практиката на Алаховиот Пратеник - Суннетот како и врз нејзиниот Устав и другите нормативни акти кои произлегуваат од него, согласно Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група. Исламската верска заедница е независна во организирањето на верскиот живот, верското воспитание и образование, вакуфот, административно-финансиската дејност како и други дејности кои произлегуваат од овој Устав. Во извршувањето на исламските задачи, од фикхски аспект, во рамките на оваа заедница, се применува Ханефитската правна школа. За да ги реализираат своите верски одредби, муслиманите во Северна Македонија се врзуваат за единствената Исламска верска заедница независно од нивната етничка припадност. Организирањето на верскиот живот за време на Османлиите било под јурисдикција на Шејхул-Ислам во Истанбул, но по Балканските војни, односно по Првата светска војна, верскиот живот на муслиманите беше под јурисдикција на Реисул-Улема со седиште во Сараево, БиХ. ИВЗ на Македонија беше составен дел на ИВЗ на Кралевина Југославија, а потоа и составен дел на ИВЗ на СФРЈ. По распаѓањето на претходната државна заедница и со осамостојувањето на Република Македонија ИВЗ продолжува да дејствува како самостојна верска заедница во земјата, а тоа го докажува со донесувањето на Уставот на ИЗ во 1994 год. Исламската верска заедница во Република Северна Македонија со овој Устав ја докажува историската поврзаност во правна смисла со сите исламски верски заедници кои делувале на овие простори. Таа е единствената заедница која е наследник на целата историска активност и сопственик на движен и недвижен имот на сите претходни исламски верски заедници на нејзина територија. Исламската верска заедница има за цел да го чува и развива верскиот живот на муслиманите во Република Северна Македонија без никакви пречки, а воедно и да ги култивира исламските вредности во секојдневниот живот како и соодветна грижа за нивната духовна и материјална култура. Целта на Исламската верска заедница е подигање на верската свест, организирање на ибадетите како и другите форми со кои се изразуваат чувствата и доживувањето на Исламот кај муслиманите. Исламската верска заедница своите цели ги реализира низ: учењето и култивирање на исламските вредности, основање и одржување на џамии, месџиди, текии, мектеби и исламски центри, основање и одржување на дејноста на едукативно-образовните институции, основање и одржување на дејноста на научно-културните институции, основање и одржување на библиотеки, ханикахи, архиви, музеи и разни институции, основање и одржување на добротворни институции, основање на вакуфи, одржување и заштита на сопственоста на Исламската верска заедница, организирање на издавачка дејност, култивирање и традиционална соработка со сите Исламски заедници, институции, асоцијации и други организации во светот, кои култивираат исламски вредности, соработка со другите верски заедници, невладини организации и државните органи во земјава и низ секоја верска, културна, научна, здравствена и социо-економска дејност со која се воздигнува муслиманската популација. Верските објекти на Исламската верска заедница се: џамии-месџиди, исламски центри, мектеби, текии, гусулхани, турбиња, саат-кули. Џамиите-месџидите, исламските центри, се основни јавни верски објекти каде се развива верско-образовниот живот. Бројот на џамиите во Северна Македонија достигнува до 600, од кои најпознати се оние од XV и XVI век, како што се оние во Скопје: џамиите на Јаја Паша, Иса Бег, Мустафа Паша, Султан Мурат во Тетово: Шарена џамија, Саат џамија, Теќето Арабати Баба во Битола: Исак џамија, Хајдар Кади Паша, Јени џамија во Прилеп: Чарши џамија во Гостивар: Саат џамија во Штип: Кад'н Хана џамија во Охрид: Хајати Баба Теќе и Али Паша џамија, итн., а бројот на Исламски Центри-џамии во дијаспора достигнува 200.

Исламската вера има два празника: Фитер Бајрам и Курбан Бајрам, кои се тесно поврзани со Исламските столбови и ибадети: Фитер Бајрам доаѓа веднаш по завршувањето на месецот на постот, Рамазанот, додека Курбан Бајрам е поврзан со Аџилакот. Покрај овие празници, во исламската вера има и некои посебни денови, кои исто така се поврзуваат со некој голем историски или верски настан како што се: Ноќта на Кадер, Регаиб, Мевлуд (роденден на Пејгамберот-Мухамед а.с), Исра и Мираџ, Берат, итн. Во текот на овие празнувања од верниците се бара да бидат што поблиску до Господ, да го обожуваат Него, да им помагаат на сиромашните, да се советуваат еден со друг за добро, итн.

Адреса: ул. „Чаирска“ 52, 1000 Скопје
Телефон: 02/3117-410 и 02/3117-412
Телефакс: 02/3117-883
Е- пошта: rijaseti.bfi@gmail.com
Лице за контакт: Ќуфли Османи
Веб: www.bfi.mk Апликација: BFI App

# Kisha Katolike në Republikën e Maqedonisë

Kisha Katolike në Republikën e Maqedonisë është e pranishme në këto vise që prej zanafillave të krishtërimit (kristianizmit) në Maqedoni. Sipas statistikës 1% e popullatës në Maqedoninë e Veriut janë katolik krishterë.

Në Republikën e Maqedonisë së Veriut sot ekzistojnë dy institucione kishtare (dioqeza) edhe atë: për katolikët të ritit romak - Peshkopata e Shkupit, dhe për katolikët e ritit bizantin ortodoks - Dioqeza „Strumicë-Shkup Ngritja e të Shenjtës Nënë e Hyjit".

Dy institucionet kishtare: Peshkopata e Shkupit dhe Dioqeza „Strumicë-Shkup Ngritja e të Shenjtës Nënë e Hyjit" prej vitit 2005 janë nën drejtimin e Peshkopit të Shkupit dhe Ekzarkut të Strumicës-Shkupit, dr. Kiro Stojanov, që ndoshta është rasti i vetëm i drejtimit të tillë në botë. Në vitin 1883, me krijimin e Vikariatit Apostolik për Maqedoninë me seli në Selanik, është formuar edhe struktura juridike e Kishës Katolike të ritit bizantin-ortodoks në Maqedoni.

Pas Luftës së Parë Botërore, katolikët e ritit lindor që ishin në pjesën e Maqedonisë së Vardarit dhe në rajonin e Strumicës, Ati i Shenjtë Papa, ia besoi për përkujdesje Peshkopit të atëhershëm në Shkup. Më 19 tetor të vitit 1923, me vendimin e Vatikanit, bëhen pjesë e Dioqezës së Krizhevit dhe të tillë mbeten deri në vitin 2001. Shenjtëria e Tij Papa Gjon Pali II më 11 janar të vitit 2001 në Vatikan e firmosi dekretin për vendosjen e Ekzarkut Apostolik për katolikët e ritit lindor në Maqedoni që në Vatikan është publikuar më 25 janar të vitit 2001. Për seli të ekzarkut është caktuar qyteti i Strumicës, ndërsa dioqeza "Ngritja e Shën Mërisë" në Strumicë e merr titullin Katedralë, kurse prej 31.05.2018, Shenjtëria e Tij Papa Francisk, Ekzarkun Apostolik e ngriti në rangun e Dioqezës, me titullin: Dioqeza „Strumicë-Shkup Ngritja e të Shenjtës Nënë e Hyjit". Me rëndësi është ajo që, Peshkopata e Shkupit, nën jurisdikcionin e së cilës janë besimtarët e ritit perëndimor, gjegjësisht ritit romak, është një nga Peshkopatat më të vjetra në Ballkan që ekziston në vazhdimësi prej themelimit të saj.

Festat fetare janë: Krishtlindjet, Epifania, Ngritja, Lajmërimi, Pashkët, Rrëshajët, Kungimi-Eukaristia e Shenjtë, Trinia e Shenjtë, Ngritja e Zojës së Bekuar, Nëna e Vogël e Hyjit, Të gjithë Shenjtorët, Sh. Josefi, Sh. Gjergji, Sh. Gjon Pagëzori, Sh. Cirili dhe Metodi, Sh. Benedikti, Sh. Elia, Sh. Arhangel Mihaili, Rafaeli dhe Gabrieli, Sh. Dhimitri, Sh. Klementi, Sh. Naumi, Sh. Nikolla dhe të tjerë.

Kisha Katolike në Republikën e Maqedonisë krenohet, që përveç vëllezërve të shenjtë Cirili dhe Metodi dhe dishepujt e tyre të shenjtë Klimenti dhe Naumi, në qytetin e Shkupit lindi mirëbërësja më e madhe në botë - E bekuara Nënë Tereza e cila u edukua në frymën e krishtërimit në Kishën katolike në Shkup. Me atë edukatë ajo e kaloi gjithë botën.

Adresa: rr. „Todor Aleksandrov" nr. 68, 1000 Shkup
Telefon: 02/3164-123
E-postë: katbiskupija@t.mk
Kontakt personi: Marjan Ristov

## Католичка Црква во Република Македонија

Католичката црква во Република Македонија е присутна на овие простори од самите почетоци на христијанството во Македонија. Според статистиката 1% од населението во Северна Македонија се католици христијани.

Во Р.С. Македонија денес постојат две црковни институции (Епархии) и тоа: за католиците од Римски обред, Скопска Бискупија, и за католиците од византиско-словенски обред, Епархија „Струмичко-скопска Успение на Пресвета Богородица".

Двете црковни институции: Скопска бискупија и Епархија „Струмичко-скопска Успение на Пресвета Богородица" од 2005 година се под водство на бискупот скопски и епарх струмичко-скопски д-р Киро Стојанов, што можеби е и единствен случај на вакво водство во светот. Во 1883 година, со создавањето на Апостолскиот викаријат за Македонија со седиште во Солун, е формирана и правната структура на Католичката црква од византиско-словенски обред во Македонија.

По Првата светска војна католиците од источен обред кои се нашле во Вардарскиот дел на Македонија и Струмичкиот регион и светиот Отец Папа ги поверува под грижата на тогашниот Надбискуп во Скопје. На 19 октомври 1923 година со одредба на Ватикан стануваат составен дел на Крижевската епархија и како такви остануваат се до 2001 година. Неговата Светост папата Иван Павле II на 11 јануари 2001 година во Ватикан го потпиша декретот за воспоставување Апостолски егзархат за католиците од источен обред во Македонија што во Ватикан беше објавен на 25 јануари 2001 година. За седиште на егзархатот е одреден градот Струмица, а парохиската црква „Успение на Пресвета Богородица" во Струмица добива наслов катедрала, а од 31.05.2018 година Неговата Светост папата Франциск Апостолскиот Егзархат го воздигна во ранг на Епархија, со титул, Епархија „Струмичко-скопска Успение на Пресвета Богородица". Значајно е тоа што, Скопската бискупија, под чија јурисдикција се верниците од западен, односно римски обред е една од најстарите бискупии на Балканот која постои во континуитет од самото нејзино основување.

Верски празници се: Божиќ, Богојавление, Сретение, Благовест, Велигден, Духовден, Телово-Пресвета Евхаристија, Пресвета Тројца, Успение на Пресвета Богородица, Мала Богородица, Сите Светии, Св. Јосиф, Св. Георги, Св. Иван Крстител, Св. Кирил и Методиј, Св. Бенедикт, Св. Илија, Св. Архангел Михаил, Рафаил и Гаврил, Св. Димитрије, Св. Климент, Св. Наум, Св. Никола и други.

Католичката црква во Република Македонија се гордее, што покрај светите браќа Кирил и Методиј и нивните ученици светите Климент и Наум, во градот Скопје е родена и најголемата доброчинителка на светот блажена Мајка Тереза, која беше воспитана во духот на христијанството во Католичката црква во Скопје. Со тоа воспитување помина низ светот.

Адреса: ул. „Тодор Александров" бр. 68, 1000 Скопје
Телефон: 02/316 4123
Е-пошта: katbiskupija@t.mk
Лице за контакт: Марјан Ристов

## Kisha Metodiste-Ungjillore në Republikën e Maqedonisë

Kisha e parë metodiste është themeluar në vitin 1784 në SHBA. Shtetet e Bashkuara të Amerikës ishin themeluar një vit më herët dhe janë shteti i parë bashkëkohorë në të cilin kisha është e ndarë nga shteti. Qëllimi i parë nuk ka qenë të themelohet kishë e re. Predikuesi anglez Xhon Uesli (1703-1791) ka qenë i goditur thellë nga mizëria shpirtërore në Angli, e cila po merrte vrull gjithnjë e më të madh në shekullin XVIII. Fillimi i revolucionit industrial ka shkaktuar probleme të mëdha sociale (papunësia, eksploatimi i madh i të moshuarve, keqpërdorimi i punës së fëmijëve, alkoolizmi, etj.). Së bashku me disa bashkëmendimtarë, Xhon Uesli gradualisht formoi një lëvizje ungjillore për shenjtërinë biblike në kuadër të Kishës Anglikane, e cila luftonte për këto njerëz dhe për nevojat e tyre. Personat që e udhëhiqnin këtë lëvizje e morën nofkën "metodistë", sepse dalloheshin me një mënyrë të disiplinuar të jetesës (leximi i përditshëm i Biblës, lutja e rregullt, agjërimi, shërbimi i të tjerëve, etj). Me kalimin e kohës, gjithnjë e më shumë njerëz emigruan nga Anglia në Amerikë. Lëvizja Metodiste u përhap në kontinentin e ri. Me pavarësinë e Shteteve të Bashkuara, Kisha Anglikane tërhiqet nga kolonitë dhe mbeti nën patronazhin e kurorës Angleze. Metodistët filluan të krijojnë kisha të tyre në kolonitë e braktisura. Kisha Metodiste nuk është formuar për shkak të ndryshimeve në mësimdhënie, por për shkak të nevojës shpirtërore të njerëzve që erdhën në vendin e ri.

Të mësuarit

Kisha Metodiste i mban të mësuarit dhe mënyrën e Adhurimit si Kishë Anglikane, megjithëse të dyja shkurtojnë ose shtojnë gjëra që janë të nevojshme për të ndjekur ndryshimet që ndodhin në botën bashkëkohore. Sot, Kisha Metodiste është përhapur në të gjithë botën dhe ka mbi 80 milion anëtarë. Edhe pse Metodizmi nuk rrjedh drejtpërdrejti nga Reformimi, megjithatë, ende i përkasin rendit të kishave protestante dhe pretendojnë një besim të përbashkët, baza e të cilit është dashuria e Zotit për të gjithë njerëzit në botë, për secilin që beson në Birin e Vetëlindur të Perëndisë Jezu Krishtin, që të mos vdesë, por të ketë jetë të përjetshme. Bibla është themeli i besimit, kurse Jezu Krishti është thelbi qendror i besimit dhe jetës sonë. Pagëzimi dhe Darka e Zotit janë Sakramentet tona si pjesë e Besëlidhjes së Zotit. Të gjitha shërbimet e Kishës janë të hapura për burra dhe gra njësoj. Të gjithë janë të mirëpritur në Kishën Metodiste. Çdo besimtar është i ftuar të kyçet në punën dhe shërbimin e jetës kishtare. Dhe të gjithë ata që e kërkojnë Zotin janë të ftuar t'na bashkohen në marrjen e Darkës së Zotit. Kisha Metodiste-Ungjillore në këto hapësira është e pranishme më shumë se 150 vjet. Kisha Metodiste-Ungjillore në Republikën e Maqedonisë, si një Kishë Ndërkombëtare, është e përfshirë në mënyrë aktive jo vetëm në aktivitetet kishtare të Kishës Metodiste në botë, por edhe në aktivitetet e kishave në nivel botëror (ekumenizmi), kështu që kisha jonë është anëtare e Këshillit Botëror në Gjenevë, në Konferencën Evropiane të Kishave (Bruksel) dhe në shumë institucione të tjera kishtare në të gjithë botën. Në të gjitha këto sesione dhe takime në nivel botëror, gjithmonë janë të pranishëm delegatët e kishës sonë, ku të gjithë ata me dinjitet e përfaqësojnë kishën në Republikën e Maqedonisë së Veriut. Kisha Metodiste-Ungjillore gjithmonë ka qenë e hapur për bashkëpunim me kishat dhe bashkësitë e tjera fetare. Kisha Metodiste-Ungjillore në Republikën e Maqedonisë ka 10 kisha, 7 ndërtesa banimi (për pastorët) dhe një qendër sociale. Ashtu si shumica e kishave të krishtera, i festojmë festat e mëposhtme: Krishtlindjet, Pashkët, Ngritja e Krishtit - Dita e Shpëtimit, pastaj Rrëshaja, Dita Botërore e Lutjes së Grave, kurse si Kishë Metodiste-Ungjillore (KMU) kemi Ditën e Nënës dhe Ditën e Mirënjohjes.

Adresa: rr. „Debarca" nr.9, 1000 Shkup
Telefon: 075/200012
E-postë: office@emc.mk
Kontakt personi: Dr. Emil Zaev, Nevenka Arsova
Ueb faqe: www.emc.mk

# Евангелско-методистичка црква во Република Македонија

Првата Методистичка црква е востановена во 1784г. во САД. Соединетите Американски Држави се формирани една година порано и претставуваат прва модерна држава каде што црквата е одделена од државата. Првичната намера не била да се основа нова црква. Англиканскиот проповедник Џон Весли (1703-1791) бил длабоко погоден од духовната мизерија во Англија, која земала сè поголем замав во 18.век. Почетокот на индустриската револуција предизвикал огромни социјални проблеми (невработеност, голема експлоатација на возрасните, злоупотреба на детскиот труд, алкохолизам итн.). Заедно со неколку истомисленици, Џон Весли постепено формира евангелско движење за библиска светост во рамките на Англиканската црква, кое се зазема за овие луѓе и за нивните потреби. На луѓето кои го предводат ова движење им го даваат прекарот „методисти‟, затоа што се одликувале со еден дисциплиниран начин на живеење (секојдневно читање на Библијата, постојана молитва, постење, служење на другите итн.). Со текот на времето, сè повеќе луѓе емигрираат од Англија во Америка. Методистичкото движење се шири на новиот континент. Со независноста на САД, Англиканската црква се повлекува од колониите и останува под патронство на англиската круна. Методистите почнуваат да основаат свои цркви во отстапените колонии. Методистичката црква не се оформува поради разликите во учењето, туку заради духовната потреба на луѓето дојдени во новата земја.

Учење

Методистичката црква ги задржува учењето и начинот на Богослужба како Англиканската црква, иако и двете скратуваат или додаваат нешта кои се неопходни за да се следат промените кои настануваат во модерниот свет. Денес Методистичката црква е распространета ширум светот и брои над 80 милиони членови. Иако Методизмот не е директно произлезен со Реформацијата, сепак спаѓаме во редот на протестанските цркви и исповедаме заедничко верување, чија основа е љубовта Божја кон сите луѓе во светот, за секој што ќе поверува во Единородниот Син Божји Исус Христос да не погине но да има вечен живот. Библијата е темел на нашето верување, а Исус Христос е централната точка на нашата вера и на нашиот живот. Крштевањето и Господната Вечера се наши Сакраменти како дел од Божјиот завет. Сите служби на Црквата се отворени и за мажите и за жените подеднакво. Секој е добредојден во Методистичката црква. Секој верник е поканет да се вклучи во работата и во службата на црковниот живот. И секој оној што го бара Бога е поканет да ни се придружи во земањето Господна Вечера. Евангелско-методистичката црква на овие простори е присутна повеќе од 150 години. Евангелско-методистичката црква во Република Македонија, како Интернационална црква активно е вклучена не само во црковните активности во Методистичката црква во светот, туку и во активностите на црквите на светско ниво (екуменство), така што нашата црква е членка на Светскиот совет во Женева, Европската конференција на црквите (Брисел) и во многу други црковни институции ширум светот. На сите овие заседанија и средби на светско ниво секогаш присуствуваат делегати на нашата црква, каде сите тие достоинствено ја претставуваат црквата во Република Северна Македонија. Евангелско-методистичката црква секогаш била отворена за соработка со другите цркви и религиозните заедници. Евангелско-методистичката црква во Република Македонија има 10 цркви, 7 станбени објекти (за пастирите) и еден социјален центар. Како и повеќето христијански цркви, ги славиме следниве празници: Божиќ, Велигден, Вознесение Христово-Спасовден потоа Духовден, Светскиот молитвен ден на жените, а како ЕМЦ имаме Мајчин ден и Благодарствен ден.

Адреса: ул. Дебарца бр. 9, Скопје
Телефон: 075/200012
Е-пошта: office@emc.mk
Лице за контакт: др. Емил Заев, асистент Невенка Арсова
Веб: www.emc.mk

Еврејска заедница во Република Македонија
Jewish Community in the Republic of Macedonia

# Komuniteti hebraik në Republikën e Maqedonisë së Veriut

Komuniteti hebraik në Republikën e Maqedonisë së Veriut është bashkësi e vetme hebraike në Republikën e Maqedonisë së Veriut dhe ka rreth 250 anëtarë, shumica e të cilëve janë me origjinë sefardike. Bashkësia është një nga pesë bashkësitë fetare në Kushtetutën e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Tradita e bashkësive hebraike në Maqedoninë e Veriut e gjatë. Hebrenjtë u vendosën në Maqedoni dhe më gjerë në Ballkan me fushatën ushtarake të Aleksandrit të Madh në Azinë e Vogël në vitin 330. p.e.r. Një nga zbulimet më të vjetra arkeologjike për bashkësitë hebraike të organizuara romaniote (Perandoria Romake) është shtylla e Poliharmit nga një sinagogë në qytetin antik Stobi që daton nga shekulli i 3-të ose 4-të të epokës së re. Vendosja më e madhe e Hebrenjve në Maqedoni dhe në rajon u zhvillua nga viti 1492 deri në vitin 1496 me përndjekjen e Hebrenjve nga Spanja dhe Portugalia. Sefardikë në hebraisht do të thotë Spanjë, prandaj këta hebrenj quhen hebrej sefardikë. Sefardikët sollën me vete kulturën e tyre të zhvilluar si dhe traditën, zakonet, këngët dhe gjuhën Judeo-Spanjolle (të quajtur edhe Ladino dhe Xhudezmu) me çka tërërisht e kanë eliminuar kulturën e Hebrenjve romaniot.

Në Holokaustin në Maqedoni, 98% e popullsisë së përgjithshme hebrenje ose 7200 Hebrenjë u vranë në Treblinka. Bashkësia në Shkup u rinovua në dhjetor të vitit 1944 dhe iu bashkua Lidhjes së Bashkësive Hebraike të Jugosllavisë. Në vitin 1991, pas pavarësisë së Maqedonisë, kjo bashkësi u nda nga Lidhja dhe vazhdoi të punojë në mënyrë të pavarur.

Sot kjo bashkësi është e organizuar në struktura të ndryshme: Asambleja e cila përbëhet nga të gjithë anëtarët e rritur të bashkësisë, Bordi Drejtues i përbërë nga gjashtë anëtarë dhe Kryetari i Bordit Drejtues, që është edhe kryetar i bashkësisë. Ekzistojnë edhe më shumë komisione të ngarkuara me çështje të ndryshme, siç janë: Komisioni i Kulturës, Komisioni Social, Komisioni i Kujdesit dhe Mirëmbajtjes së Varrezave Hebraike dhe Komisioni Fetar. Gjithashtu, ekzistojnë edhe klube, siç janë: Klubi i Fëmijëve, Klubi i Rinisë dhe Klubi i Grave. Kori kamertal i bashkësisë - Mois Hason, e filloi aktivitetin e tij në vitin 2004, me çka është përmbushur dëshira e kahershme për të vazhduar traditën e vjetër korale dhe muzikore të Sefardëve.

Në vitin 2000, u ndërtua sinagoga e re Bet Jakov, e cila e mban emrin e sinagogës së vjetër të Shkupit. Sinagoga është ndërtuar dhe rregulluar sipas zakoneve dhe traditave të hebrenjve sefardikë dhe bën pjesë në grupin e sinagogave sefardike. Biblioteka e bashkësisë ka një fond prej 1150 tituj librash, kurse Bashkësia Hebraike ka veprimtari botuese dhe deri më tani janë botuar më shumë dhjetëra tituj, si dhe përkthime të librave.

Qendra Përkujtimore e Holokaustit të Hebrenjve nga Maqedonia u hap më 10 Mars të vitit 2011.

Adresa: rr. Borka Taleski nr.24, 1000 Shkup
Telefon: 02/3214-799; 02/3237-543
Telefaks: 02/3214-880
E-postë: contact@ezrm.org.mk
Kontakt personi: Aleksandra Subotiq
Ueb faqe: www.ezrm.org.mk

Еврејска заедница во Република Македонија
Jewish Community in the Republic of Macedonia

# Еврејска заедница во Република Северна Македонија

Еврејска заедница во Република Северна Македонија е единствена еврејска заедница во Република Северна Македонија и брои околу 250 членови, од кои најголем број се со сефардско потекло. Заедницата е една од петте верски заедници во Уставот на Републиката.

Традицијата на еврејски заедници во Северна Македонија е долга. Евреите се населиле во Македонија и пошироко на Балканот со походот на Александар Велики во Мала Азија во 330 год. п.н.е. Еден од најстарите археолошки наоди за организирани романиотски (од периодот на Римското Царство) еврејски заедници е Полихармовиот столб од синагога во античкиот град Стоби којшто датира од 3 или 4 век од н.е. Најголемото населување на Евреи во Македонија и во регионот се случува од 1492 до 1496 година со прогонот на Евреите од Шпанија и Португалија. Сефарад на хебрејски значи Шпанија, и затоа овие Евреи се наречени сефардски Евреи. Сефардите со себе ја донеле својата развиена култура, традиција, обичаите, песните и јазикот јудео-шпански (уште наречен и ладино и џудезму) и целосно ја потиснале културата на романиотските Евреи.

Во холокаустот во Македонија 98% од вкупното еврејско население или 7200 Евреи се убиени во Треблинка. Заедницата во Скопје е обновена во декември 1944 година и се приклучува на Сојузот на еврејските заедници на Југославија. Во 1991 година по осамостојувањето на Македонија, заедницата се одделува од Сојузот и продолжува да работи независно.

Денес заедиництата е организирана во различни структури: Собрание коешто е составено од сите полнолетни членови на заедницата, Управен одбор составен од шест члена и претседател на Управниот одбор, којшто е воедно и претседател на заедницата. Постојат и повеќе комисии што се задолжени за различни прашања, како што се Комисијата за култура, Социјалната комисија, Комисијата за грижа и одржување на Еврејските гробишта и Верската комисија. Исто така, постојат и клубови, како што се Детскиот, Младинскиот и Женскиот клуб. Камерниот хор на заедницата, Моис Хасон, ја почнува својата активност во 2004 година со што е остварена долгогодишната желба за продолжување на старата хорска и музичка традиција на Сефардите.

Во 2000 година е изградена новата синагога Бет Јаков, којашто го носи името на старата скопска синагога. Синагогата е изградена и уредена според обичаите и традицијата на сефардските Евреи и спаѓа во групата на сефардските синагоги. Библиотеката на заедницата располага со книжен фонд од 1150 наслови на книги, а Еврејската заедница има своја издавачка дејност и досега се објавени повеќе десетици наслови, како и преводи на книги.

Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија беше отворен на 10 март 2011 година.

Адреса: Борка Талески 24, 1000 Скопје
Телефон: 02/3214-799; 02/3237-543
Телефакс: 02/3214-880
Е-пошта: contact@ezrm.org.mk
Лице за контакт: Александра Суботиќ
Веб: www.ezrm.org.mk